ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ
"Комуналец"

Јавно претпријатие за комунални
дејности КОМУНАЛЕЦ
Бр 01-520/1
10.03 2026 год.
Гевгелија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО 2025 ГОДИНА



Со извештајот за работа за 2025 година на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија се опфатени збирните податоци за работењето и остварените работни задачи и услуги по сите сектори заедно со финансиските показатели.

**ОСНОВНА ДЕЈНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО**

За извршување на комуналните дејности, ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија остварува приходи кои ги остварува од цените на комуналните услуги, буџетот на Општина Гевгелија и други средства утврдени со закон.

Во согласност со Статутот на претпријатието и Законот за комунални дејности, услуги што ЈПКД "Комуналец" Гевгелија ги дава на корисниците се:

- Производство и дистрибуција на вода за пиење до потрошувачите, со одржување на објектите и опремата од водоснабдителните системи;
- Прифаќање, одведување на комунални отпадни води и одржување на канализациониот систем;
- Прочистување на отпадните води;
- Изградба на други објекти од нискоградба, одржување на комунални уреди и опрема;
- Специјализирани градежни работи, реконструкција на локални улици и патишта;
- Собирање, изнесување и депонирање на комунален цврст отпад од станбени, деловни и индустриски површини;
- Селектирање на отпад за рециклирање;
- Метење и одржување на јавно прометни површини;
- Управување и одржување на градските гробишта и капела;
- Управување со автобуска станица;
- Одржување и користење на градски пазар;
- Уредување и одржување паркови и зелени рекреативни површини;
- Одгледување на саден материјал;
- Заловување на бездомни животни и домашни миленици во населените места;
- Услуги за паркирање.

Претпријатието се организира така што дејноста ја врши на начин со кој се обезбедува:

- Сигурно техничко - технолошко и економско единство на системот;
- Континуирано, квалитетно, ефикасно и транспарентно работење;
- Развој и усогласеност на сопствениот развој во вкупниот стопански развој на Општина Гевгелија;
- Заштита и унапредување на добрата од општ интерес и животната околина;

- ❖ Трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците;
- ❖ Самостојност во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во земјата и светот.

## СЕКТОР ЗА ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ

- **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМЕРЦИЈА**

Во комерцијално - наплатното одделение во 2025 година се извршуваа сите работни активности и задачи кои беа планирани. Изготвувањето и наплата на сметки и фактури се основна задача, а дополнителните услуги беа посебно фактурирани кон секое правно и физичко лице на кое му беше извршена услуга. Активност која се реализираше во тековната година се изврши фактурирање на услугата за годишна гробарина за 2025 година. Услугите за погребна дејност се фактурираа кон операторите и кон корисниците согласно одлуката на советот и измените на законот. Фактурите за зонско паркирање кон корисници и операторите се изготвуваа редовно како нова услуга која беше воведена во 2024 година.

Во 2025 година набавени се уште две антени за далечинско отчитување кои се вградени во два камиони за изнесување на смет и со трите вкупно антени се отчитуваат над 90% од далечинските водомери кои се поставени во реоните.

Продажбата и наплатата на билети на автобуска станица беше редовна секојдневно во текот на целата година. Набавките на стоки и услуги во делот на комерцијата се вршеа согласно потребите на работењето, според годишниот план за јавни набавки и законските прописи.

➢ **Физички лица**

Во 2025 година се изготвени и доставени сметки кон корисници - физички лица вкупно 118.800 сметка и 2.782 сметки за гробарина. Изготвувањето на сметки е спроведено по контрола на состојбите на водомерите на потрошена вода, а на поставените далечински водомери автоматски се внесува отчитаната состојба, контрола на површината по м$^2$ за која се пресметува ѓубретарина, дворно место и контејнер, продолжува отпочнатото фактурирање во околните села каде редовно се изнесува сметот и ажурирање на другите податоци кои се обработуваат - нови корисници, продадени објекти, наследени објекти, починати лица и сл.
Дополнително се изготвени 591 фактури кон физички лица за извршени комунални услуги.

Со доставување на сметки, се доставувани и опомени до оние корисници кои ги немаат платено своите сметки, изработени од одделение за општи и правни работи, а дистрибуирани преку инкасатори.

Извршени се контроли по пријава за поправка на водомери по барање на сите корисници, од причини на неисправност или дефект. Водомерите кои беа поправени и беа монтирани се ставени во евиденција. Заменетите водомери од проектот кои беа монтирани се ставени во евиденција и останува нивно докомплетирање и во наредната година.

Други извршени активности се: потпишување договори за водоснабдување со корисниците, евидентирање на нови приклучоци, пријавување дефекти на водомери, вентили и линии, контрола и други активности по барање на странки поврзани со работењето на ова одделение.

Одговор и внес на податоци на секое писмено барање од корисниците, обработка на податоци за социјалните случаи кои ги субвенционира Општина Гевгелија и промена на податоци по документи.

Табеларен преглед на вкупна наплата споредено 2025 година со 2024 година:

Вкупно Фактурирано / Наплатено во 2025 година

| Година | Фактурирано | Наплатено | Реони | |
|---|---|---|---|---|
| 2025 | 95.175.549 | 90.354.956 | 1 до 9 | |

Вкупно Фактурирано / Наплатено во 2024 година

| Година | Фактурирано | Наплатено | Реони | |
|---|---|---|---|---|
| 2024 | 91.038.460 | 84.325.750 | 1 до 9 | |

Вкупно наплатено по поднесени предлози до нотар во 2025 година

| Период | Поднесени предлози | Наплатено по предлози | | |
|---|---|---|---|---|
| 2025 | 9.265.391 | 4.255.621 | | |

Вкупно наплатено по поднесени предлози до нотар во 2024 година

| Период | Поднесени предлози | Наплатено по предлози | | |
|---|---|---|---|---|
| 2024 | 7.595.373 | 4.526.140 | | |

- **Правни лица**

Одделението за комерција кон правни лица има извршено месечно фактурирање по околу 764 редовни фактури месечно или за тековниот период 2025 година вкупно 9.168 фактури кон фирми и 730 фактури кон државни институции. Дополнително 1698 фактури се изготвени за разни извршени услуги или вкупно се изготвени 11.596 фактури.

Во текот на целата година беа изготвувани опомени од одделението за општи и правни работи и истите се доставени, потоа финансиски картици, телефонски

контакти и директни контакти со странките, за наплата на фактури. Исклучување од водоводната мрежа немаше.

Водомерите кои се неисправни, посебно кај корисници кои трошат поголеми колични редовно се контролираат и се настојува да се изврши поправка во што пократок рок.

Табеларен преглед на вкупна наплата споредено 2025 година со 2024 година:

Вкупно Фактурирано / Наплатено во 2025 година

| Година | Корисници | Фактурирано | Наплатено |
|---|---|---|---|
| 2025 | фирми | 51.136.533 | 43.373.666 |
| 2025 | институции | 40.585.576 | 34.703.128 |

Вкупно Фактурирано / Наплатено во 2024 година

| Година | Корисници | Фактурирано | Наплатено |
|---|---|---|---|
| 2024 | фирми | 46.156.627 | 47.172.667 |
| 2024 | институции | 32.981.717 | 34.202.962 |

Вкупно наплатено по поднесени предлози до нотар во 2025 година

| Период | Поднесени предлози | Наплатено по предлози |
|---|---|---|
| 2025 | 3.931.352 | 1.503.086 |

Вкупно наплатено по поднесени предлози до нотар во 2024 година

| Период | Поднесени предлози | Наплатено по предлози |
|---|---|---|
| 2024 | 2.152.372 | 2.049.822 |

Во тековната година се набавувани стоки, по одобрени нарачки од раководителите и потребни услуги, согласно Законот за јавни набавки со објава на огласи и прибирање на понуди за набавка на стоки и услуги, склучување договори, кои се предвидени во годишниот план за јавни набавки.

**Автобуска станица Гевгелија**

Во период 01.01.2025 година до 31.12.2025 година, автобуската станица работеше секојдневно од 05 до 21 часот. Вкупно беа продадени и заверени 25.382 билети, за релацијата Гевгелија - Скопје, за релациите Гевгелија - Струмица и Гевгелија - Солун.

За користење на перон и провизија од продажба на билети од фактурирано кон фирмите превозници, вкупно е остварен приход кој изнесува 2.198.766,00 денари.

- **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИИ И СМЕТКОВОДСТВО**

Од изготвената годишна сметка за 2025 година на ЈПКД ,,Комуналец" Гевгелија може да се согледа следното:

- Остварен вкупен приход . . . . . . 204.222.772,00
- Направени трошоци . . . . . . . . 197.692.521,00
- Остварена бруто добивка . . . . . . 6.530.251,00
- Данок на добивка . . . . . . . . . . . . . . . . . ..........0,00
- Нето добивка . . . . . . . . . . . . . . . . . . .6.530.251,00

Споредени овие податоци со податоците од Програмата за работа за 2025 година се следните :

- Планиран вкупен приход . . . . .190.800.000,00
- Планирани трошоци . . . . . . . 187.050.000,00
- Планирана добивка . . . . . . . . . 3.750.000,00

Од вкупните приходи, најголеми приходи се остварени од:

- Приходи од вода . . . . . . . . . 52.451.062,00
- Приходи од чистота . . . . . . . . 46.850.582,00

Исплатени се дванаесет бруто плати на вработените.

Обврски према добавувачите исплатени се во износ од 76.652.950,00 ден. и останува за исплата уште 41.620.880,00 ден. од овие 41.620.880,00 ден, доспеани обврски до 31.12.2025 година изнесуваат 31.944.524,00 денари.

Пресметаниот данок на додадена вредност во износ од 11.988.724,00 ден. пребиен со влезниот данок за 9.043.413,00 ја дава разликата во износ од 2.945.311,00 денари и за истата е извршено до 31.12.2025 година.

Пресметан и уплатен персонален данок на основа извршени услуги по договор, надоместок на Управен одбор и Надзорен одбор и исплата на регрес за годишен одмор имаме 466.513,00 денари.

**Планирани годишни приходи од активности на Програмата за 2025 година:**

| | **Планирано** | **Остварено** |
|---|---|---|
| Приходи од вода | 52.000.000 | 52.451.062 |
| Приходи од канализација | 13.400.000 | 14.225.355 |
| Приходи од прочистување на отпадни води | 12.800.000 | 14.646.066 |
| Приходи од чистота | 48.000.000 | 46.850.582 |
| Приходи од гробарина, капела и др. | 5.000.000 | 4.893.480 |

| | | |
|---|---|---|
| Приходи од пазар | 400.000 | 326.068 |
| Приходи од водоводни услуги | 2.800.000 | 4.721.418 |
| Приходи од градежна група и канализација | 2.000.000 | 1.640.433 |
| Приходи од баждирање | 2.200.000 | 2.273.460 |
| Приходи од одржување, ЈПП, паркови и депонии, поправка и одржување урбана опрема, ветеринарни услуги | 13.300.000 | 20.210.544 |
| Приходи од автобуска станица | 2.000.000 | 2.198.766 |
| Приходи од зонско паркирање | 5.000.000 | 4.557.019 |
| Останати приходи од редовно работење | 200.000 | 351.794 |
| Други приходи<br>-амортизација<br>-нотар,адвокат<br>-останати приходи<br>-наплатени отпишани побарувања и отпис на обврски | <br>29.000.000<br>1.500.000<br>700.000<br>500.000 | <br>32.124.767<br>1.944.170<br>323.687<br>484.101 |
| **Вкупни планирани приходи** | **190.800.000** | **204.222.772** |

**Планирани трошоци за реализација на активностите од Програмата за 2025 година:**

| | Планирано | Остварено |
|---|---|---|
| Потрошени суровини и материјали | 7.700.000 | 8.270.812 |
| Канцелариски материјал | 750.000 | 739.422 |
| Потрошени резервни делови | 2.000.000 | 1.812.564 |
| Ситен инвентар и авто гуми | 400.000 | 872.224 |
| Вкупно потрошена енергија<br>-електрична енергија<br>-гориво<br>-други материјали за енергија | <br>20.000.000<br>5.000.000<br>800.000 | <br>18.340.771<br>4.601.891<br>759.308 |
| Производни,транспортни, ПТТ, интернет и други услуги за одржување | 6.000.000 | 7.909.754 |
| Плата и надоместоци за плата | 100.000.000 | 101.035.859 |

| | | |
|---|---|---|
| Останати трошоци за вработени, дневници за службени патувања, надомест на членови на Управен и Надзорен одбор | 4.000.000 | 5.182.347 |
| Амортизација | 34.000.000 | 39.207.283 |
| Трошоци за промоција, пропаганда, реклама, репрезентација, спонзорство | 100.000 | 133.853 |
| Премии за осигурување | 1.600.000 | 1.904.292 |
| Вредносно усогласување на побарувања | 200.000 | 36.127 |
| Банкарски услуги, даноци кои не зависат од резултатот, ревизија, останати трошоци | 3.000.000 | 5.216.672 |
| Останати расходи од работење | 1.000.000 | 993.968 |
| Расходи врз основ на камати од работење, негативни курсни разлики и останати финансиски расходи | 500.000 | 649.041 |
| **Вкупно планирани трошоци:** | **187.050.000** | **197.692.521** |

- **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ**

Во 2025 година се извршуваа работни задачи и активности кои произлегуваат од тековното работење и кои се однесуваат на следење и спроведување на закони и законски прописи од областа на извршување на дејностите на претпријатието, застапување во судски постапки, работа на органите за управување и други правни и општи работи.

А. Во 2025 година поднесени се вкупно 1158 предлози за издавање нотарски платен налог до надлежен нотар, од кои 1111 за физички лица и 47 за правни лица. Во предлозите се опфаќаат три до дванаест неплатени месечни сметки за потрошена вода, ѓубретарина и комунални услуги, како и фактури издадени за извршени други услуги од претпријатието, така што за еден корисник може да има повеќе од една тужба во една календарска година. Поднесени се 24 барања за извршување, од кои 23 за правни лица и 1 за физички лица.

Против ЈПКД Комуналец Гевгелија има поднесено пет тужби - една тужба за надомест на материјална штета и четири тужби за надомест на нематеријална штета, солидарно со Општина Гевгелија.

Б. Подготвувани и одржувани се седници на органите на управување со изготвување покани и материјали за седници и од нив произлезените записници, одлуки и заклучоци. Во 2025 година Управниот одбор на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија одржа вкупно десет седници, а Надзорниот одбор за контрола на материјално-

финансиското работење одржа вкупно седум седници. Во прилог на овој извештај се годишните извештаи за работата на органите на управување за 2025 година.

Во областа акти на претпријатието, извршена е измена и дополнување на Статутот на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија.

В. Согласно Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер давани се информации од јавен карактер, а во 2025 година примени се и позитивно одговорени 5 (пет) барања за информации од јавен карактер.

Г. Во областа безбедност и здравје при работа, спроведени се следните активности:
- Координативни работни состаноци (еден пред летна и еден пред зимска сезона) со Дирекција за заштита и спасување и со Центар за управување со кризи;
- Редовна ДДД дезинфекција на сите објекти со кои стопанисува ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија, два пати годишно, (пред пролетна и пред зимска сезона);
- Редовно сервисирање на ПП апарати и хидрантска опрема - еднаш годишно.

Д. Секој работен ден прием и работа со корисници како тужени странки, заради побарувања за кои е издаден нотарски платен налог или друг вид решение за наплата на долг и странки кои бараат друг вид услуга од претпријатието. Исто така давање податоци во книговодство по кои извршни предмети и за кои корисници - должници има наплата по налози за извршување и парични средства уплатени од извршители. Склучена е една спогодба за плаќање долг на рати.

Ѓ. Се заведуваа влезни и излезни писма, документи и акти во деловодникот на претпријатието и интерни доставни книги, како и книги за пошта.

Број на заведени предмети во општ деловодник за 2025 година изнесува 1845.

Број на заведени предмети во деловодник за нотарски и судски предмети е 1299.

Број на заведени предмети во деловодник за договори е 97.

Заведени предмети во Уписник за претставки и предлози нема.

Е. Секој работен ден предавање и примање пошта од и за претпријатието, секојдневно одржување хигиена во деловните простории, а чуварската служба на стопанскиот двор ја извршува својата работа непрекинато и секојдневно во дневна и ноќна смена.

- **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПЛАН И АНАЛИЗА**

Во Одделението за план и анализа во 2025 година преку одделите за јавни набавки и човечки ресурси се извршуваа работите поврзани со планирањето, следењето и реализацијата на јавните набавки и активности поврзани со правата и обврските на вработените.

Согласно Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор, како законска обврска е изготвен и донесен Годишен план за вработување за 2026 година, со соодветна измена и дополнување.

Изготвувани се потребните решенија за вработените кои произлегуваат од правата и обврските на работниот однос и спроведувани пријави и одјави во задолжително социјално осигурување, секоја промена на вработен во претпријатието е внесена и ажурирана во HRMIS системот на МИОА.

Спроведено е полугодишно интервју на административни службеници, согласно Законот за административни службеници, изработен список за просек на административно оценување доставено до МИОА НА РСМ.

Согласно Законот за ПИОМ, Законот за работни односи и Законот за јавни претпријатија, колективен договор, заклучно со 31.12.2025 година, 4 лица (вработени) го исполниле условот за стекнување на правото на пензија.

Заклучно со 31.12.2025 година, поднесени се вкупно 258 писмени барања за годишен одмор, за истите се изготвени Решенија.

**Активностите околу јавните набавки кои се спроведуваа беа:**

- Учество во изготвување на годишниот план за јавни набавки;
- Припрема на тендерска документација;
- Спроведување на постапки за Јавни набавки за потребите на секторите и работните единици;
- Објавување на оглас на ЕСЈН и во европско гласило (каде по ЗЈН е задолжително);
- Евалуација на постапките, спроведување е-Аукции;
- Предлог за избор или поништување на постапки или делови од постапка;
- Избор на понудувачи;
- Поништување на постапки;
- Изготвување Договори или Рамковни Спогодби;
- Изготвување поединечни Договори.

Број на спроведени постапки за јавни набавки на стоки и услуги за 2025 година, изнесува 77

Во врска со работниот однос на вработените се спроведуваа активности поврзани со правата и обврските на вработените, а во зависност од нивниот статус како административни службеници, даватели на јавни услуги или помошно-технички лица. Редовно се објавуваа на интернет страната на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија www.komunalecgevgelija.mk објави, соопштенија или информации за корисниците, финансиските извештаи и сл. односно сѐ што е предвидено согласно закон да биде јавно објавено.

- **ОДДЕЛЕНИЕ ПАРКИНЗИ**

Одделението паркинзи при ЈПКД ,,Комуналец`` Гевгелија оперира во 2 (две) паркинг зони, истото брои 4 (четири) вработени и има работно време Понеделник - Петок од 07:00 до 21:00 часот и сабота од 07:00 до 17:00 часот. Во период од 01.02.2025 година до 31.12.2025 година има остварено вкупен приход од 4.512.093,00 денари кој што е поделен на приходи од:

- СМС пораки - 2.593.517,00 денари;
- Договори за паркинг – 445.626,00 денари;
- Билети - 669.998,00 денари;
- Казни – 795.067,00 денари и
- Друго – 7885,00 денари.

## СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА

**Активности и задачи на овој сектор за 2025 година беа:**

1. Комунална хигиена - собирање смет;
2. Одржување на градски и приградски јавно - прометни површини;
3. Одржување на градски гробишта;
4. Функционирање и работење на градска капела;
5. Функционирање и работење на градски пазар;
6. Функционирање на механичка работилница;
7. Прифатилиште за бездомни животни.

### 1. КОМУНАЛНА ХИГИЕНА

Активностите и работните задачи во секојдневното работење на секторот комунална хигиена беа следните:

- Собирање и изнесување отпад од индивидуалните станбени објекти и подигање и празнење на контејнерите од колективните станбени комплекси;
- Собирање и изнесување отпад од индустриските капацитети, деловни објекти и хотели;
- Собирање и изнесување отпад од приградските населени места, како и викенд населбите;
- Собирање на селектиран отпад од индивидуалните станбени објекти и подигање на контејнерите за селектиран отпад од колективните станбени комплекси;
- Одржување на депонијата во н.м. Ново Конско и одржување на депониите во населените места;
- Во текот на 2025 година во Гевгелија и населените места Миравци, Негорци, Прдејци, Смоквица, Мрзенци, Богородица, Милетково и Давидово на веќе постоечките, поставени се или заменети уште 30 нови пластични контејнери од 1,1м³. Поради невнимание на граѓаните, кои директно во контејнерите фрлаат пепел и жар, често доаѓа до запалување на истите. Подигањето и празнењето на контејнерите и собирањето отпад во населените места Миравци и Милетково, се извршува еднаш неделно, во вторник, а во населените места Давидово и Смоквица се врши еднаш неделно, во среда. Во Прдејци, Негорци, Мрзенци и Богородица, сметот се собира,

односно контејнерите се подигаат и празнат два пати неделно, во понеделник и четврток.

- Извршувајќи ги секојдневните активности околу собирањето на смет од сите горенаведени објекти и населени места и вклучително собирањето на кабаст отпад, шут и друг вид на отпад, во работните денови собрани се околу 19.000 тони отпад.

На возилата со кои се врши собирање на смет, често доаѓаше до дефекти, посебно на доградбата, односно на хидрауличните и воздушните системи на истата.

Секојдневно со трактор, оставено до контејнерите, се собира кабаст отпад, делови од намештај, цели кревети и душеци, градежен шут и друг разноврстен материјал од дворови, куќи, станови и деловни објекти.

- Во населеното место Негорци, има поставени 71 контејнери од 1,1 $м^3$ и 3 контјенери од 5 $м^3$;

- Во населеното место Прдејци, има поставени 34 контејнери од 1,1$м^3$ и и 1 контјенери од 5 $м^3$;

- Во населеното место Смоквица, има 10 контејнери од 1,1$м^3$;
- Во населеното место Давидово, има 18 контејнери од 1,1 $м^3$;
- Во населеното место Богородица, има 50 контејнери од 1,1 $м^3$ ;
- Во населеното место Мрзенци, поставени се 22 контејнери од 1,1 $м^3$;
- Во населеното место Миравци, поставени се 78 контејнери од 1,1 $м^3$;
- Во населеното место Ново Конско, поставени се 15 контејнери од 1,1 $м^3$;
- Во населеното место Милетково, поставени се 6 контејнери од 1,1 $м^3$;
- Во населеното место Моин, поставени се 17 контејнери од 1,1 $м^3$;
- Во викенд населбите Конско, Смрдлива Вода, Ума и Габрово, отпадот се собираше редовно и тоа во зимскиот период еднаш до два пати месечно, а во летниот период еднаш неделно;
- Во викенд населбата Конско, поставени се 5 контејнери од 1,1 $м^3$;
- Во викенд населбата Смрдлива Вода, поставени се 10 контејнери од 1,1 $м^3$;
- Во викенд населбата Ума, поставени се 6 контејнери од 1,1 $м^3$;
- Во викенд населбата Габрово, поставени се 2 контејнери од 1,1 $м^3$ .

## 2. Одржување чистота на јавно - прометни површини во градот и околните населени места

Во активностите за одржување на ЈПП, претпријатието ги извршуваше следните активности:

- Чистење и метење на улиците од смет и отпадоци;
- Чистење (метење) и одржување на улиците од коров, земја, песок и др;
- Дежурство односно викенд чистење на централното градско подрачје;
- Миење и полевање на улиците во летниот период.

Улици и јавни прометни површини кои се опфатени со одредена динамика на чистење и одржување (6 дена во седмицата) се:

- ул. “Маршал Тито,” со површина од 22.900 м²;
- ул. “ГП Одреди”, со површина од 5.100 м²;
- ул. “7-ми Ноември”, со опвршина од 12.300 м²;
- ул. “С.М. Данко”, со површина од 10.080 м²;
- ул. “Димитар Влахов”, со површина од 1.200 м²;
- ул. “Кирил и Методиј”, со површина од 1.300 м²;
- ул. “Р. Ковачевиќ”, со површина од 4.290 м²;
- ул. “Петар Мусев”, со површина од 2.800 м²;
- ул. “Ј. Јосифовски”, со површина од 5.090 м²;
- ул. “Р. Фаршинин”, со површина од 2.300 м²;
- ул. “Мирче Ацев”, со површина од 2.300 м²;
- ул. “Таљa Бикова”, со површина од 2.880 м²;
- ул. “Железничка”, со површина од 3.400 м²;
- ул. “Борис Кидрич”, со површина од 5.090 м²;
- ул. “Илинденска”, со површина од 1.500 м²;
- ул. “Булевар Гевгелија”, од раскрсница со ул. Деко Ковачев до почеток на натпатник на железничка линија, со површина од 20.930 м².

Градскиот Плоштад, со спомен Костурница се одржува и мете 7 (седум) дена во неделата.

За време на верски и државни празници, како и при разни собири, музички настани и културни манифестации, секогаш се вршеше редовно и вонредно чистење, метење и средување на просторот. Редовно се одржуваше чистотата на пешачките патеки, како до мотелот на реката Вардар, така и пешачката патека до Негорски Бањи. Во населените места Богородица, Негорци и Миравци редовно се одржуваше хигиената (метење и чистење) на јавно прометните површини. Неколку пати во текот на годината се метеа и чистеа јавно прометните површини и во другите населени места и викенд - населби.

Во текот на 2025 година беа поставени 20 улични канти за отпадоци низ градот Гевгелија и околните населени места.

Во текот на 2025 година се користеше и машинска метларка, со која секојдневно се опслужуваа улиците во град Гевгелија, а неколку пати месечно се чистеа и улиците на околните населени места.

## 3. Одржување на градските гробишта

Одржувањето на градските гробишта, капелата и обавувањето на погребната дејност се одвиваше редовно спрема потребите на граѓаните од тие услуги.

- Редовно се собираше и отстрануваше смет, суво цвеќе и друг вид на отпад од гробиштата и околу нив;
- Редовно се косеа, чистеа и средуваа патеките околу гробните места;
- Редовно се кастреа дрвјата и грмушестите растенија;
- Редовно се подигаа и празнеа контејнерите за смет;
- Редовно се изработуваа бетонски рамки за нови гробни места.

Во 2025 година, на градските гробишта, се изврши погреб на 180 починати лица.

**4. Функционирање и работење на градска капела**

Функционирањето и работењето на капелата зависи од потребите за таква услуга. Активностите во капелата се одвиваат редовно, со 24 часовно дежурство во текот на годината. Починатите лица се примаат, чуваат во разладна комора и изложуваат согласно договор со нивни блиски. Во капелата се даваат услуги за потреби од разладна комора, на жители и од околните населени места.
Редовно се одржуваше чистота и хигиена во капелата и нејзините простории.

**5. Функционирање и работење на градски пазар**

Функционирањето и одржувањето на градскиот пазар се одвиваше редовно со секојдневно чистење, метење, миење и подигање и празнење на контејнерите со смет. Посебно зголемена активност има во пазарниот ден (четврток). Пазаришната такса се собира редовно, а по завршување на пазарниот ден, пазарниот простор се чисти, мети и мие со вода.

**6. Механичка работилница**

Механичката работилница се одвиваат активности за одржување - поправање на возниот парк и други машини и алати. Во 2025 година во механичката работилница секојдневно се извршуваа поправки на возила - камиони за собирање на смет како и други лимаро - браварски активности. Интервенциите и поправките беа од различен карактер, како на моторните делови, така и на хидрауличните системи и системите за кочење. Во механичката работилница се врши поправка на алати и машини од сите работни единици во претпријатието како што се паркови и зеленило, градежна група и други.

Исто така во механичката работилница се изработува и поправа урбана опрема, за потребите на градот и околните населени места. Во сите населени места се изврши поставување или поправање на лулашки, клацкалици, лизгалки и друг вид на урбана опрема.

Со трактор, транспортно возило ИВЕКО и мини ваљак за нагазување и рамнење на асфалтни површини, вработените во механичката работилница извршуваа асфалтирање, поточно пополнување на помали и поголеми вдлабнатини што се создаваат на улиците во градот. Вработените во механичката работилница, по налог на општинскиот сообраќаен инспектор, вршат поставување на вертикална сигнализација, на улиците во градот.

Вработените во механичка работилница во пресрет на Новогодишните празници, ја монтираа бината за потребите на Општина Гевгелија за организирање дочек на Нова Година на градскиот плоштад во Гевгелија. Исто така вработените во механичката работилница, учествуваат во новогодишното украсување на градот, со монтирање украсни елки, сијалици во разни бои, санки со елени и други украси, со кои децата се сликаат.

### 7. Прифатилиште за бездомни животни

Прифатилиште за бездомни животни на ЈПКД ''Комуналец Гевгелија, има добиено решение од Агенцијата за храна и ветеринарство за вршење на дејност за третман на бездомни кучиња. Прифатилиштето има капацитет од 13 кафези за кучиња (3 карантински и 10 пост карантински кафези). Согласно Законот за заштита и благосостојба на животните и Законот за ветеринарно здраство, ветеринарните интервенции ги прави ветеринарно друштво со кое е потпишан договор за соработка.

Во 2025 година од страна на службата, направени се 194 интервенции од кои има разбиено 3 глутници. Бројот на заловени кучиња на кои им е направен третман е 81 кучиња, од кои 38 женски, а 43 машки единки. Во ветеринарна амбуланта ПРО-ВЕТ Негорци направени се итервенции на вкупно 64 единки.

## СЕКТОР ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

### Хортикултурно средување и одржување на паркови и зелени површини во градот и околните населени места во Општина Гевгелија

Вработените во ЈПКД Комуналец односно вработените во Секторот паркови и зеленило, редовно ги извршуваа своите работни обврски и задолженија предвидени во програмата на претпријатието за 2025 година, а тоа подразбира интензивно одржување на паркови, екстензивно одржување на зелени површини во градот и околните населени места во Општина Гевгелија. Активностите кои се извршуваат за хортикултурно уредување и воопшто одржувањето на парковите и зелените површини во градот и населените места во Општината се состојат од:

- Косење трева;
- Кастрење гранки и жбунести растенија;

- Садење сезонско цвеќе, садници за листопадни и зимзелени дрва;
- Полевање на засадените површини со цвеќе и парковите;
- Косење и кастрење банкини на патиштата кон населените места;
- Чистење и собирање на смет од парковите, зелените и воопшто сите јавни површини во градот и околните населени места;
- Производство на расад за сезонско цвеќе, жбунести растенија, зимзелени и листопадни дрвја и др.

За квалитетно извршување на горенаведените активности, секторот располага со следните алати и машини:

- Моторна косачка - тракторче;
- Моторни косачки;
- Моторни коси;
- Приклучна машина за косење - мулчер;
- Култиватор;
- Моторни пили;
- Моторни ножици;
- Рачен алат;
- Приклучна механизација – мултифункционална хидрулична рака и секач за гранки.

Во 2025 година набавена е приклучна механизација - мултифункционална хидрулична рака и секач за гранки и истата се користи за кастрење гранки и одржување на локални патишта.

Вработените во Секторот паркови и зеленило редовно ги одржуваа парковите и зелените површини. Тоа подразбира, редовно косење, полевање, собирање смет, сезонско собирање на исушени лисја, потхранување со вештачки и природни ѓубрива, третирање со заштитни средства и други сезонски активности. Површините на парковите што редовно се одржуваат, изнесуваат околу 45.180 м². Вработените во секторот, редовно ги косеа и средуваа зелените површини околу колективните објекти за домување кои изнесуваат околу 55.000 м².

Зелената површина на влезот од градот редовно се коси, средува и чисти од смет, заедно со пешачката патека што води до реката Вардар.

На влезот во Гевгелија има нов кружен тек и се направи хортикултурно уредување на истиот.

Вработените од паркови и зеленило исто така ја одржуваат и месноста Топлик Гевгелија која служи за одмор, релаксација и рекреација на жителите на Гевгелија.

Во зависност од сезоната, се косат и средуваат банкините и страничните делови на патните правци спрема населените места Богородица, Моин, Ново Конско, Негорци, Прдејци, Смоквица, Милетково, Миравци, Давидово и др. Освен патните

правци, во овие населени места, редовно се косат и средуваат паркови, зелени површини, тротоари и улици, спортски терени, училишта и други површини од јавен карактер. Во повеќе наврати се изврши косење на викенд населбите, Ума, Смрдлива вода, Серменин и Старо Конско. За време на верски, државни празници и панаѓури редовно се средува просторот каде се одржуваат прославите, а поврзано со тоа редовно се врши косење и средување на гробиштата во градот и другите населени места.

Новата зелена површина односно новиот парк, кој е проект и инвестиција на Општина Гевгелија, а кој се наоѓа на аголот од улиците Булевар и Западен Булевар е место кое во летните месеци е преполно со деца и луѓе од сите возрасти, кои посебно во ноќните часови го посетуваа и се разладуваа од летните горештини. Паркот е со тревни површини, патеки, жардинерии со цвеќе и жбунести растенија, клупи за седење, чешма и дрва засадени покрај патеките, кои за одреден временски период, ќе прават природна заштита од жешкото сонце. Паркот редовно се коси, се наводнува со систем за наводнување, се чисти од смет и друг отпаден материјал.

Во централното градско подрачје, поточно на плоштадот, поставени се полукружни жардинерии во кои се засадени украсни дрвца. На сите предвидени места за садење, редовно се сади сезонско цвеќе.

На кружниот тек помеѓу улиците С.М.Данко и Р.Ковачевиќ, има метална конструкција на која се ставени саксии со сезонско цвеќе, со цел поубав изглед на просторот.

Во дворот на Пионерскиот дом, фондацијата Ице Бегов, има инклузивен парк. Така и во тој дел од градот има зелена површина на која се поставени лулашки и вртелешки, односно интересни играчки, кои на децата од помала возраст им се многу интересни. Исто така и ова место беше многу посетено во летниот период.

Секторот Паркови и зеленило, го одржува и граничниот премин Богородица со царинскиот терминал и тоа со косење на зелените површини, како на граничниот премин, царинскиот терминал, така и на меѓуграничниот простор. Освен тоа, на тој простор се врши метење и средување на асвалтните површини, собирање смет и чистење, со одржување хигиена на санитарните чворови и тоалети. Редовно се кастрат дрвата и грмушестите растенија, се засадува сезонско цвеќе и други растенија.

Спортско рекреативното место Динќут, редовно се одржува со косење на зелените површини, кастрење на дрвата, чистење на патеките за трчање и пешачење и поправка и замена на оштетените справи за вежбање. По потреба се сечат и отстрануваат исушени и паднати дрвја. Просторот околу тениското игралиште, мултинаменското игралиште и справите за фитнес вежби, се средува со косење, собирање смет и друго околу тениското игралиште се засадени 76 дрвја јасен. Фонтаните во централното градско подрачје, иако се мета на малолетници и во нив фрлаат секакви работи, редовно се чистат.

Во зимскиот период, во градот Гевгелија, се врши кастрење на поединечни дрва, дрвореди, грмушести растенија, а се врши и сечење односно отстранување на оштетени или исушени дрва, кои претставуваат опасност по пешаци или причинување материјална штета. Освен во градот, овие активности се одвиваат во сите населени места во Општината.

Вработените во сектор Паркови и зеленило, во месец декември, учествуваа во акција за пошумување на одредена површина на с. Негорци, која беше организирана од ЈПКД Комуналец, ЈП Македонски шуми и Црвен крст од Гевгелија.

Во пластеникот што се наоѓа во стопанскиот двор на претпријатието произведени се околу 12 000 садници за пролетно цвеќе и околу 7 000 садници на зимско цвеќе. Цвекињата се засадени на места предвидени за тоа, најмногу во централното градско подрачје, кружни текови и други зелени површини. Одредена количина цвеќе е дадена на училишта, градинки и други јавни установи. Во пластеникот се произведени и други видови садници за листопадни и зимзелени дрва и грмушести растенија, како од семе, така и од резници. Засаденото цвеќе, грмушестите растенија и воопшто зелените површини, редовно се полеваат со вода, се третираат со заштитни средства, ѓубрива за прехрана и други активности за нивен подобар изглед и поубав изглед на градот. Кастрењето и кроењето на украсните грмушести растенија во централното градско подрачје, редовно се извршува.

## СЕКТОР ВОДОВОДИ КАНАЛИЗАЦИЈА

### 1. Водоснабдување

Водоснабдувањето во Општина Гевгелија се изведува преку неколку хидраулични системи и тоа, хидрауличниот систем Гевгелија кој располага со три бунарски подрачја ( Мрзенска ада, Моин и Вардар) и Миравци, Смоквица, и Н.Конско.

**Слика 1. Шема за снабдување во водоводен систем Гевгелија**


с. Прдејци
с. Негорци
с. Мрзенци
Резервоар Мрзенци
Бунарско подрачје Мрзенска ада
Резервоар Стопанство
Град Гевгелија
Бунарско подрачје Вардар
Бунарско подрачје Моин
с. Моин
с. Стојаково
с. Богородица
с. Селемли

**Слика 2. Скица на водоснабдување за водоснабдителен систем Гевгелија**



Слика 3. Водоводни линии -скица




Хидрауличните системи со кој стопанисува ЈПКД ,,Комуналец,, Гевгелија обезбедуваат вода за 12 села и градот Гевгелија. Од сите 12 села, 10 села припаѓаат на Општина Гевгелија, а 2 села (Селемли и Стојаково) се на Општина Богданци. Во рамките на Општина Гевгелија има уште 6 села и 1 локалитет кај кој водоснабдувањето се врши преку сопствени изворишта и со системите воглавно стопанисуваат и се грижат месните заедници.

## 1.1 Производство на вода

Основни активности :

1. Производството на вода се остварува од три бунарски подрачја, бунари „Моин“, бунари „Вардар“и ,,Мрзенска ада“. На бунари ,,Мрзенска ада“ имаме три цевасти бунари, а на бунарско подрачје „Вардар“ имаме класичен ѕидан бунар. Од овие бунарски подрачја се обезбедува потребната количина на вода за пиење за задоволување на потребите од вода за градот Гевгелија и населените места Моин, Мрзенци, Богородица, Стојаково и Селемлија.

Во 2025 година од бунарското подрачје ,,Мрзенска ада“ произведено е 2.903.064 м/3 вода, бунарско подрачје ,,Вардар“ во 2025 год. не беше активирано и не се користеше за снабдување со вода ,,Моин“ 531.229 м/3 или вкупно во 2025 година од овие бунарски подрачја произведено е 3.434.293 м/3 вода за потребите на корисниците.

Снабдувањето на населените места Смоквица, Ново Конско и Миравци (со Милетково и Давидово) се врши преку самостојни водоводни системи – комбинирано од извори (каптажи) и бунари со вградени длабински пумпи кој се користат по потреба во случај на недостаток на вода.

Во 2025 година за овие населени места произведена е вода и тоа:
Населено место Смоквица - произведено 31.867 м/3
Миравци (со населени места Давидово и Милетково) произведено 219.028 м/3
Ново Конско – произведено 31.422 м/3.
Негорци - надополнување од бунар , Оранжерии,, 115.335 м/3
Вкупно во 2025 год. за потребите на корисниците произведени се вкупно 3.831 945 м/3 вода.

2. Редовно хлорирање на водата и перманента контрола на процентот на хлор во водата.

Хлорираме со натриум хипохлорид и хлор во гасовита состојба во боци под притисок. Со натриум хипохлоридот хлорираме во населени места (Негорци, Прдејци, Смоквица и Миравци), а со систем на гасовито хлорирање на бунари ,,Моин“, ,,Вардар“ и ,,Мрзенска ада“. Со ротометарот истовремено вршиме и контрола на процентот на хлор. Во 2025 год е извршена интервенција за подобрување на системот за гасно хлорирање на бунарско подрачје ,,Мрзенска ада,, и инвестирано е 1.400.000 ден. во нова опрема за хлорирање.

3. Физичко обезбедување на бунарските подрачја и резервоарите Моин и Мрзенци.

Постојано присуство од вработени лица – дежурство на Бунарски подрачја „Моин“,„Вардар“ и „Мрзенска Ада“ како и на Резервоар „Стопанство“ и Резервоар „Мрзенци“.

4. Контрола и сервисирање на хидротехничка и електро опрема.

Во 2025 година се извршени редовни квартални контроли како и годишен сервис на „Агрегат од 180kvr“ поставен на бунарско подрачје „Моин“ и „Агрегат на Мрзенска ада“ од 383 kvr и Агрегат на нова Депонија.

Извршени се редовни контроли на катодната заштита на челичниот потисен и доводен цевковод и направени се адаптации и прилагодувања на мерните места на катодната заштита на челичниот доводен цевковод.

## 1.2 Водовод-одржување, проширување и нови приклучоци

Мрежата (водоводна) се состои од секундарни и примарни линии со различни дијаметри од ф 40мм – ф 450мм, кои воедно се и од различен материјал и тоа челични, азбестноцементни, лиеножелезни (поцинкувани) ПВЦ цевки и П.Е.црево.

Водоводната Мрежа има вкупна должина од 255 km од кои:

- должината на главните доводни и потисни цевководи изнесува 56 км.
- должината на дистрибутивната улична мрежа изнесува 96 км.
- должината на сервисните куќни приклучоци изнесува 103 км.

**Табела 3-3: Дистрибутивна мрежа – според материјалот на цефките**

| Материјал | Должина (км) | % |
|---|---|---|
| Процинкувани, Дуктилно железо | 3.5 | 3,7 |
| Азбес цемент | 50.5 | 53.4 |
| Полиетиен (HDPE, MDPE) | 21.0 | 20,7 |
| Поливинилхлорид (PVC) | 20.9 | 22,2 |
| Вкупно | 95.9 | 100.0% |

Во текот на 2025 година во делот на водоводот извршени се следниве интервенции и активности:

- Во 2025 година примени се вкупно по сите основи 1310 барања;
- Реализирани се 1280 барања;
- Интервенирано е вкупно на 932 пријавени дефекти на водоводни линии од кои

9 интервенции се на главни цевководи, 350 интервенции се на дистрибутивна мрежа и 573 интервенции се на водоводни приклучоци и во шахти на корисници;
- Издадени се вкупно 91 решенија за приклучување;
- Изведени се вкупно 52 нови приклучоци на водоводната мрежа од кои:
40 приклучоци на физички лица и 12 приклучоци на правни лица и колективни станбени згради;
- Издадени се вкупно 194 мислења и други акти од делокругот на работењето;
- Заменети се 145 водомери со нови, од кои 35 во с. Негорци,15 во Миравци и 95 во Гевгелија;
- Репарирани - поправени се вкупно 12 водомери.

Во почетокот на 2025 година ја реализиравме предвидената набавка со обука на вработените за воведување на Q Гис платформата со што во 2025 продолживме со внесување на сите водоводни и канализациони линии во градот и населените места во дигитална форма. Од ваквата платформа планираме да се изработат посебни банери - карти на водоводниот и канализациониот систем за град Гевгелија за полесно управување со истите.

- Извршени се вкупно 95 други интервенции во делот на водоснабдувањето (интервенции на резервоари, интервенција на линијски вентили, на препумпни станици, интервенции во делот на хлорирањето, чистење на каптажи и др.)

- Извршена е реконструкција како и доградба на нова водоводна мрежа и тоа: Негорци ул.,,Гоце Делчев,, ф 40мм - 150 м. Реконструкција на водоводна мрежа на .ул. Ристо Динев,, Миравци со Ф32мм ПЕ во должина од 65 м со изведба на нови приклучоци, реконструкција на водовод на ул.Русалијска во Миравци водоводно црево ф 50мм во должина 120 метри и водоводно црево ф32мм на истата улица со изведба на приклучоци. Милетково – замена на 250 метри доводен цевковод ф75мм и реконструкција на водоводна линија на влез во село со ф50мм со изведба на нови приклучоци во должина од 98 метри. Гевгелија проширување на водоводна мрежа ул.Кожув,, У.Б.4.4 со ф 110мм во должина од 100 метри. Реконструкција – дислокација (спуштање) на регионален водовод со Ф280 мм. ПЕ во должина од 120 м. на влез во Гевгелија за нов кружен тек.

Во текот на 2025 година започна со реализација нова водоводна мрежа на сите ул.во У.Б 4.4 ул. Миле Пецанов, ул,,Кожув,, согласно основен проект со дијаметар ф 200мм ПЕ, со повеке чворми места со фасонска арматура (вентили, воздушми вентили, хидранти, шахти и сл)

### 1.3 Контрола на водата за пиење

За периодот 01.01.-31.12.2025 година се вршеше редовна контрола на квалитетот на произведената вода од страна на ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес. Во текот на 2025 година земени се вкупно 181 примероци за анализа или просечно по 15 анализи на месечна основа од разни мерни места во Гевгелија и другите

населени места. Во овие анализи спагаат редовните физичко-хемиски и микробиолошки анализи како и вонредните 2 големи анализи кои се однесуваат на физичко-хемиска контрола на водата за пиење. Произведената вода беше редовно хлорирана и контролирана при што секогаш беше констатирано присуство на хлор во дозволена граница (0,2- 0,5мгр/л доволно за дезинфекција).
Пробите се земаа од одредени мерни места предвидени со програмата, а во согласност со законот за земање на проби по еквивалентен број на жители (ЕЖ).

Во градот, вода за анализа се зема од неколку мерни места:
ООУ „К.Мисирков", ЈЗУ Општа Болница, Детска градинка „Детска радост", „Сончогледи", „Цветови" и ЈПКД „Комуналец"- управа, а од околните населени места еднаш месечно.
Земените примероци одговараат на правилникот за безбедност на водата, а во случаите кога не одговараат (најчесто како недостаток на хлор ) преземени се итни мерки со зголемување на количината на хлор или доколку било потребно со хиперхлорирање да се доведе квалитетот на водата во исправна состојба.

## 2. Одведување на отпадна урбана вода-канализација

Вкупната должина на канализациони линии со кои стопанисува ЈПКД ,,Комуналец,, Гевгелија и тоа примарни-главни колектори и секундарни улични линии изнесува 115.317 метри.

**Табела за канализациони системи фекални и комбинирани**

| | Канализациона мрежа | Вид на канализација | Дијаметри | Вкупно должина |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Гевгелија | комбинирана | | |
| 1.1. | Гевгелија | комбинирана | 500-1,000mm | 48,715м |
| | улични колектори | | 1,000-1,200mm | 1,100 м |
| | улична канализација | | 150-500 mm | 10,600 м |
| 1.2. | Мрзенци | фекална | | 5,000 м |
| | улична канализација | | 250 mm | 4,200 м |
| | потисен цевковод | | 90mm | 800м |
| | Вкупна должина | | | 65,415 м |
| 2. | Миравци | комбинирана | | |
| | улична мрежа | | 200 и 250mm | 12,000 м |
| | колектор(пречисти-препумпна) | | 350 mm | 700 м |
| | колектор (препумпна –Вардар) | | 350 mm | 1,500 м |
| | Вкупна должина | | | 14,200 м |
| 3. | Богородица | фекална | | |
| | улична канализација | | 300 mm | 800 м |
| | улична канализација | | 250 mm | 800 м |
| | улична канализација | | 200 mm | 4,800 м |
| | Вкупна должина | | | 6,400 м |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Негорци | фекална | | |
| 4.1. | Негорци | фекална | | |
| | улична канализација | | 200 mm | 10,800 м |
| | улична канализација | | 250 mm | 300 м |
| | улична канализација | | 300 mm | 500 м |
| | главен колектор | | 500 mm | 1,800 м |
| 4.2. | Индустијска зона Блокотехна | комбинирана | | |
| | Улична канализација | | 250 мм | 2,200 м |
| | главен колектор | | 500 mm | 800 м |
| | Вкупна должина | | | 16,400 м |
| 5. | Прдејци | фекална | | |
| | улична канализација | | 250 mm | 5,000 м |
| | потисен цевковод | | 90 mm | 550 м |
| | Вкупна должина | | | 5,550 м |
| | Вкупна должина комбинирана-мешовита канализација | | | 75,600 м |
| 6. | Моин | фекална | | |
| | Улична канализација | | 200 мм | 3.025 м |
| 7. | Давидово | фекална | | |
| | Улична канализација | | 200 мм | 2.327 м |
| | Вкупна должина фекална канализација | | | 35.702 м |

## А. Канализација

1. Добиени се вкупно 338 барање. Направени се вкупно 310 интервенции на уличната канализациона мрежа заради пробивање и прочистување на истата во деловите каде што се појавуваше проблем во нејзиното функционирање. При интервенциите употребени се канализациони сајли, цистерна за вода, цистерна за фекалии како и машина за отпушување под висок притисок.

2. Во текот на 2025 година направени се вкупно 23 интервенции заради отпушување и ставање во функција на пречистителните станици за отпадни води во Миравци и Богородица како и на препумпните станици во Прдејци и Мрзенци.

3. Издадени се вкупно 54 нови решенија за приклучување. Изведени се нови приклучувања на канализационата мрежа на индивидуални стамбени и деловни објекти - вкупно 41, од кои 36 се физички лица а 5 се колективни станбени згради.

4. Во текот на 2025 год. изведени се вкупно 900 метри нови канализациони линии како проширување на постојниот систем со дијаметар од ф 100 мм до ф 315 мм.

5. Во текот на цела 2025 год.континуирано се вршеше проверка и чистење на улични сливници и извршено е редовно прочистување на уличните сливници за

прифаќање на атмосферските води при што беа опфатени речиси сите улични сливници во два периода - 550 бр.

6. Со реализација на неколку проекти преку Општина Гевгелија изведени се вкупно 2000 метри нови канализациони линии со диј. од ф 315 и 400 мм. кои во наредниот период ќе бидат отстапени на одржување на ЈПКД ,,Комуналец,, Гевгелија.

7. Атмосферска канализација

**Табела за атмосферска канализација**

| | Атмосферска канализација | дијаметар | должина |
|---|---|---|---|
| 1. | ул.8[ми]Ноември (пазар)– С.М.Данко | ПЕ ф630mm | 400 м |
| 2. | С.М.Данко(кружен)– 7[ми] Ноември (Раул) | ПЕ ф 630mm | 370 м |
| 3. | ул.С.М.Данко | АБ 630 и 1,000mm | 750 м |
| 4 | ул.Коле Неделковски - ул.Лубланска-С.М.Данко | ПЕ 630 | 540 м |
| 5. | ул.Деко Ковачев(хотел Пелагонија)- Раул | ПЕ 500 и 630mm | 500 м |
| 6. | Бул. Гевгелија – ул.Деко Ковачев | АБ 500mm | 620 м |
| 7. | Бул. Гевгелија (нов дел)-мал кружен ток | Пе 500mm | 500 м |
| 8. | ул. 7[ми] Ноември (затвор)-Булевар (Раул) | ПЕ 630 mm | 620 м |
| 9 | с.Богородица –Ново школо | ПР ф315mm | 380 м |
| 10 | Ул.7-ми Ноември-затвор гевгелија | Ф400мм | 450 м. |
| 11. | Атмосферска Гевгелија (проект КФВ) разни улици | | 7200 м |
| | Вкупно атмосферска канализација | | 12.330 м |

Со реализација на неколку проекти преку Општина Гевгелија изведено се нови 1500 метри атмосферска канализација (западен булевар). Отпочната е реализација на нови канализациони и атмосферски канализации ци У.Б.4.4 во Гевгелија кој ќе бидат завршени во текот на 2026 год.

- Во текот на годината во повеќе наврати извршен е увид во состојбата на канализационата мрежа заедно со комунален инспектор при Општина Гевгелија и утврдено е дека воглавно истата е задоволителна и ја извршува својата функција со незначителни недостатоци.

## Б. Градежна група

Во текот на 2025 година изведени се следните работи:

- Изработени се двојни бетонски оквири на гробишта во Гевгелија вкупно бр.80 во најновиот дел на градски гробишта;

- На новиот дел од гробиштата во Гевгелија бетонирани се вкупно 95 м/2 патеки помеѓу гробните места со цел дооформување на новиот дел и ставање на истиот во функција за да може да се извршува закоп на мртовци;

- Изработени се 25 нови ревизиони водомерни и канализациони шахти;

- Извршено е бетонирање - поставување на бекатон на прокопани делови од улици и тротоари по отстранување на дефекти на водоводни и канализациони линии во вкупен обем од 200 м/2.

**В. Пречистување на отпадни води**

Во текот на 2025 година Пречистителната станица за отпадни води во Гевгелија работеше континуирано со кратки прекини во поради настанати дефекти на автоматика и електрика и интервенции за поправка на истата. Третираната - прочистена отпадна вода ги задоволува сите законски дефинирани параметри и критериуми. Од истата секојдневно се зема примероци и се прави анализа на квалитет во лабараторијата на Пречистителната станица за што се води и редовна евиденција.

Со изготвен проект и инвестирање на Општина Гевгелија во тек на 2026 година, ќе се имплементира проект за нов скада систем.

На ПСОВ Гевгелија исто така функционираше фотоволтаична централа која помогна во намалување на потрошувачката на електрична енергија.

Пречистителните станици за населените места (Миравци, Богородица, Моин) исто така континуирано во текот на 2025 година ги прифаќаат и прочистуват отпадните води од споменатите населени места. Одржувањето на истите е редовно со поправка - замени на фекални пумпи и сервисирање на електрониката и автоматиката доколку за истата има потреба.

ЈПКД Комуналец Гевгелија
Директор
Раско Чочков

*Јавно претпријатие за комунални*
*дејности „Комуналец“ Гевгелија*
*- Надзорен одбор -*
*бр. 02- 500/2*
*06.03.2026 година*

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РАБОТАТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ЈПКД „КОМУНАЛЕЦ“ ГЕВГЕЛИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

Надзорниот одбор за материјално-финансиско работење на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија е назначен од Совет на општина Гевгелија со Решение за именување членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија бр. 09-1899/1 од 06.12.2021 година.

Со Решение бр. 09-806/1 од 15.03.2022 година, на сопствено барање, разрешен е члеn на Надзорниот одбор на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија и со Решение бр. 09-807/1 од 15.03.2022 година, именуван е член на Надзорниот одбор на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија.

Со Решение бр. 09-1126/1, Решение бр. 09-1127/1 и Решение бр. 09-1128/1 од 29.04.2022 година, на сопствено барање, разрешени се три членови на Надзорниот одбор на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија, а со Решение бр. 09-1371/1, Решение бр. 09-1372/1 и Решение бр. 09-1373/1 од 31.05.2022 година, именувани се тројца нови членови на Надзорниот одбор на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија.

Со Решение бр. 09-2471/1 од 09.12.2022 година, на сопствено барање, разрешен е член на Надзорниот одбор на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија и со Решение бр. 09-2575/1 од 27.12.2022 година, на сопствено барање, разрешен е член на Надзорниот одбор на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија.

Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Гевгелија од 01.01.2023 година, работи во состав од три членови.

Надзорниот одбор во своја надлежност го има разгледувањето на кварталните финансиски извештаи и годишниот финансиски извештај (завршна сметка) за работењето на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија, Извештај за извршен попис и Извештај за работењето, а се состанува најмалку четири пати годишно.

Во 2025 година има одржано вкупно седум седници на кои се разгледани четири квартални финансиски извештаи за работењето, Годишна (завршна) сметка за 2024 година, Извештај за попис за 2024 година и Извештај за работа за 2024 година. Надзорниот одбор за разгледуваните извештаи дава мислење.

| Одржана седница на Надзорен одбор | Број и дата на одржување на седница | Присутни членови |
|---|---|---|
| 1. Осумнаесетта седница | бр. 02 - 181 од 30.01.2025 г. | три |
| 2. Деветнаесетта седница | Бр. 02 - 322 од 26.02.2025г. | три |
| 3. Дваесетта седница | бр. 02 - 322 од 13.03.2025 г. | три |
| 4. Дваесет и прва седница | бр. 02 - 666 од 05.05.2025 г. | три |
| 5. Дваесет и втора седница | бр. 02-1194 од 13.08.2025 г. | три |
| 6. Дваесет и трета седница | бр. 02-1563 од 05.11.2025 г. | три |
| 7.Дваесет и четврта седница | бр. 02-1720 од 09.12.2025 г. | три |

На поединечните седници одржани во 2025 година е разгледувано:

**1. Осумнаесетта седница:**
- Конечен извештај на Државен завод за ревизија за 2023 година на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија.
- Финансиски план на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија за 2025 година. Дадено позитивно мислење.
- Донесен Годишен извештај за работата на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија за 2024 година.

**2. Деветнаесетта седница:**
Извештај за извршен попис во ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија за 2024 година. Дадено позитивно Мислење.

**3. Дваесетта седница**:
- Финансиски извештај на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија за период 01.01.2024 - 31.12.2024 година, со осврт на 01.10.-31.12.2024 година. Дадено позитивно Мислење;
- Годишна сметка за 2024 година на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија. Дадено позитивно Мислење и
- Извештај за работењето на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија за 2024 година. Дадено позитивно Мислење.

**4. Дваесет и прва седница**:
Финансиски извештај на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија за период 01.01.2025 - 31.03.2025 година. Дадено позитивно Мислење.

**5. Дваесет и втора седница**:
Финансиски извештај на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија за период 01.01.2025 - 30.06.2025 година, со посебен осврт за период 01.04.2025-30.06.2025 година.
Дадено позитивно Мислење.

**6. Дваесет и трета седница**:
Финансиски извештај на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија за период 01.01.2025 - 30.09.2025 година, со посебен осврт за период 01.07.2025-30.09.2025 година.
Дадено позитивно Мислење.

**7. Дваесет и четврта седница:**
Финансиски план на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија за 2026 година. Дадено позитивно мислење.

Мислењата на Надзорниот одбор, заедно со финансиските и другите извештаи од соодветниот период на разгледување, се доставувани до Управен одбор на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија и до Совет на општина Гевгелија.

Претседател на Надзорен одбор,
Александра Андонов

Изработил:
Марина Прашева
12.02.2026 година

Доставено до:
- Извештај за работење на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија за 2025 г.
- архива

*Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Гевгелија*
*- Управен одбор -*
*бр.02-501/3*
*06. 03. 2026 година*

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА РАБОТАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР
НА ЈПКД „КОМУНАЛЕЦ“ ГЕВГЕЛИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

Управниот одбор на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија е назначен од Совет на Општина Гевгелија со Решение за именување членови на Управниот одбор на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија бр. 09-1897/1 од 15.12.2021 година.

Со Решение бр. 09-2108/1 од 29.12.2021 година, на негово барање, разрешен е член на Управен одбор на ЈПКД „Комуналец“Гевгелија.

Со Решение бр. 09-2109/1 од 29.12.2021 година именуван е член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Гевгелија

Со Решение бр. 09-2197/1 од 28.10.2022 година, по сопствено барање, разрешен е член на Управниот одбор на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија.

Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Гевгелија од 01.11.2022 година, работи во состав од четири членови.

Во 2025 година одржани се вкупно десет седници на кои има разгледувано прашања од својата надлежност.

| Одржана седница на Управен одбор | Број и дата на одржување седница на Управен одбор | Присутни членови на седница |
|---|---|---|
| 1. Педесетта седница | бр. 02 - 191/1 од 30.01.2025 г. | четири |
| 2. Педесет и прва седница | бр. 02 - 323/1 од 26.02.2025 г. | четири |
| 3. Педесет и втора седница | бр. 02 - 402/1 од 13.03.2025 г. | четири |
| 4. Педесет и трета седница | бр. 02 - 525/1 од 04.04.2025 г. | четири |
| 5. Педесет и четврта седница | бр. 02 - 573/1 од 14.04.2025 г. | четири |
| 6. Педесет и петта седница | бр. 02 - 667/1 од 05.05.2025 г. | четири |
| 7. Педесет и шестта седница | бр. 02 - 941/1 од 30.06.2025 г. | четири |
| 8. Педесет и седма седница | бр. 02-1203/1 од 15.08.2025 г. | четири |
| 9. Педесет и осма седница | бр. 02-1566/1 од 05.11.2025 г. | четири |
| 10. Педесет и деветта седница | бр. 02-1728/1 од 09.12.2025 г. | четири |

**Педесетта седница** - донесени се:

1. Заклучок за спроведување на препораките дадени во Конечен извештај на Државен завод за ревизија за 2023 година на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија;
2. Одлука за усвојување Програма за работни активности на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија за 2025 година;

3. Одлука за усвојување Финансиски план на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија за 2025 година;
4. Листа на информации од јавен карактер на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија за 2025 г. и
5. Годишен извештај за работата на Управен одбор во 2024 година.

**Педесет и прва седница** - донесени се:

1. Одлука за усвојување Извештај за извршен попис со состојба на 31.12.2024 год.;
2. Одлука за одобрување службено патување на директорот во Атина, Р. Грција;
3. Одлука за одобрување доделување парични средства по барање на странки за 2025 година и
4. Одлука за делумно прифаќање барањето на странка (ДПТУ Глоријан петрол ДОО од Мрзенци, Гевгелија).

**Педесет и втора седница** - донесени се:

1. Одлука за усвојување на Финансиски извештај за период 01.01.2024-31.12.2024 година, со посебен осврт на 01.10.2024-31.12.2024 г. на ЈПКД “Комуналец“ Гевгелија;
2. Одлука за усвојување Годишна сметка на ЈПКД “Комуналец“ Гевгелија за 2024 година;
3. Одлука за усвојување на Извештај за работењето на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија за 2024 година;
4. Одлука за распределба на добивка за 2024 година и
5. Одлука за делумно прифаќање барање од странка (Глигорова Митка од Мрзенци, Гевгелија).

**Педесет и трета седница** – донесена е Одлука за усогласување на платите на сите вработени во ЈПКД “Комуналец“ Гевгелија со износот на минимална плата во РСМ.

**Педесет и четврта седница** – донесени се:

1. Одлука за измена и дополнување на Планот за јавни набавки на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија за 2025 година;
2. Одлука по приговор на вработен (Владо Алексов од Гевгелија) и
3. Одлука за делумно прифаќање барање од странка (Димитрова Јана од Мрзенци).

**Педесет и петта седница** - донесена е Одлука за усвојување на Финансискиот извештај на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија за период 01.01.2025-31.03.2025 година.

**Педесет и шестта седница** - донесена е Одлука за утврдување бодови за новоотворено работно место Помлад соработник за координација и организација во Одделение за комерција.

**Педесет и седма седница** - донесена е Одлука за усвојување Финансиски извештај на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија за период 01.01.2025-30.06.2025 година, со посебен осврт на период 01.04.2025-30.06.2025 година.

**Педесет и осма седница** - донесени се:

1. Одлука за усвојување Финансиски извештај на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија за период 01.01.2025-30.09.2025 година, со посебен осврт за период 01.07.2025-30.09.2025 година и
2. Одлука за патување на директорот во странство – Израел.

**Педесет и деветта седница** – донесени се:

1. Одлука за прифаќање донација од Друштво за компјутерско програмирање ИНОВАТИВА ГРУПАЦИЈА ДОО Демир Капија;
2. Статутарна одлука за Измена и дополнување на Статутот на ЈПКД „Комуналец" Гевгелија (основна главнина);
3. Статутарна одлука за Измена и дополнување на Статутот на ЈПКД „Комуналец" Гевгелија (дејности и шифри на дејности);
4. Одлука за усвојување Програма за работни активности на ЈПКД „Комуналец" Гевгелија за 2026 година;
5. Одлука за усвојување Финансиски план на ЈПКД „Комуналец" Гевгелија за 2026 година;
6. Одлука за усвојување План за јавни набавки на ЈПКД „Комуналец" Гевгелија за 2026 година;
7. Одлука за извршување попис за 2025 година и формирање пописни комисии;
8. Заклучок за прифаќање предлог решенија на Комисија за утврдување фактичка состојба по приговори и барања од странки и корисници;
9. Одлука за одредување висина на касов максимум и плаќање со пари во готово;
10. Одлука за прифаќање барање за покривање погребни трошоци на починат вработен Јанев Трајче од Негорци (поднесено од Роза Јанева Спасевска од Скопје);
11. Одлука за измена на Одлука бр. 02-1748/6 од 30.12.2024 г. за определување надомест на лице задолжено за водење евиденција, записник и други работи за потребите на седници и работа на Управен одбор и Надзорен одбор на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија.

Претседател на Управен одбор,
Весна Тошева

Изработил:
Марина Трајчева
12.02.2026 г.

Доставено до:

- Извештај за работа за 2025 година
- архива